Врз основа на чл. 32 ст.2 ал.1 од Статутот на Карате федерација на Македонија, Собранието на Федерацијата, на седницата одржана на ден 20.01.2018 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
## за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на Македонија (пречистен текст)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат и уредуваат составот, изборот и делокругот на работа на Дисциплинската комисија, дејствијата кои преставуваат дисциплинска повреда, како и други прашања сврзани со дисциплинската одговорност на членовите и вработените во КФМ.

Член 2

Дисциплинската комисија е стручно тело на Собранието на Карате федерацијата на Македонија (во понатамошен текст: КФМ).

Член 3

Комисијата е составена од 3 члена, од кои претседател и два члена со мандат од 4 години.

Член 4

За своите оперативни работи Комисијата го користи печатот на КФМ.

Член 5

Комисијата работи на седници и одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови, а по барање **или** пријава **од Извршниот одбор ,друг надлежен орган на КФМ или по пријава од клубовите членки на КФМ.**

Член 6

Комисијата изрекува дисциплински мерки, за што изготвува писмена одлука.

## ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

Член 7

За дисциплински прекршок се смета прекршок или повреда кој е спротивен на одредбите на Статутот, правилниците, одлуките на Собранието, Извршниот одбор и стручните тела на КФМ, а кој е предвиден со овој правилник.

Член 8

**Во дициплинска постапка можат да се изречат следните казни:**
**1.забрана за вршење дејност,**
**2.парична казна и**
**3.опомена.**

**Забраната за вршење дејност на клубовите и на натпреварувачите може да се изрече со забрана за настап за одреден временски период (суспензија) во траење од 1 месец до 4 години, согласно одредбите од овој правилник. За потешки форми на прекршоци на овие лица може да им се изрече трајна забрана за натпреварување,а која мерка се изрекува по предлог на Извршниот одбор на КФМ.**

**Забраната за вршење дејност може да се изрече и на други службени лица (тренер,судија,лекар,комесар.технички раководител, лица кои се официјални претставници на КФМ или се претставници на клубовите) со забрана за нстап за одреден временски период (суспензија) во траење од 6 месеци до 4 години, согласно одредбите од овој правилник. За потешки орми на прекршоци на овие лица може да им се изрече трајна забрана за вршње на работи во КФМ,а која мерка се изрекува по прдлог на Извршниот одбор на КФМ.**

**Забраната за вршење дејност може да се изрече и на службени лица кои ја претставуваат КФМ или се членови на органите на КФМ, ако нивната активност е спротивна на интересите на КФМ,со забрана за настап за одреден временски период (суспензија) во треење од 6 месеци до 4 години, согласно одредбите од овој правилник. За потешки форми на прекршоци може да им се изрече трајна забрана за вршење на работи во КФМ,а која мерка се изрекува по предлог на Извршниот одбор на КФМ.**

**Изречените мерки на забрана за вршење дејност (суспензија) се однесуваат и во земјата и во старнство и натпреварувачот, тренерот или друго службено лице на кое му е изречена мерката, несмеат да настапуваат се додека истите не истечат. Настапување во земјата и странство за време на траење на изречената мерка повлекува трајно исклучување од КФМ.**

**Паричната казна се изрекува според висината на коефициентот кој е преедвиден за секој прекршок со овој правилник.Висината на коефициентот се одредува со одлука на Извршниот одбор на КФМ. На натпреварувачи кои не наполниле 18 години, не се изрекува парична казна.**

**За полесни прекршоци може да се изрече мерка опомена,а што зависи од видот на прекршокот ,дали сторителот бил казнуван или не, какви биле последиците, какви биле мотивите,какво било однесувањето на сторителот пред и по извршување на прекшокот и сл.**

Член 9

По правосилноста на решението за изречена парична казна, прекршителот е под активна суспензија се до измирување на паричната казна.

Член 10

Прекршоци при техничка организација на натпреварот се:

1. Неблаговремено пријавување на учество индивудуално или екипно или менување на редослед на натпреварувачи се казнува со парична казна К=30;
2. Неисправни и неточни податоци во регистрационен картон **натпреварувачот, клубот,тренерот и службеното лице на натпрварот кое ја води евиденцијата** се казнува со К=100;
3. Учество на натпреварувач на натпревар без регистрационен картон или лекарски преглед **натпреварувачот, клубот,тренерот и службеното лице на натпрварот кое ја води евиденцијата**, се казнува со К=100;
4. Пријавување на натпреварувач кој не е регистриран за клубот **натпреварувачот, клубот,тренерот и службеното лице на натпрварот кое ја води евиденцијата**, се казнува со К=100;
5. Неправилности при мерење на натпреварувачи **службеното лице кое ја води евиденцијата** се казнува со К=50;
6. Злоупотреби околу регистрација на натпреварувачи **службеното лице кое на натпреварот ја води евиденцијата и регистрацијата** и непочитување на роковите од Правилникот за регистрација се казнува со К=100;

7. Непријавување на натпревар до МВР или лоша редарска служба **оргнизаторот** се казнува со К=100;
8. Непријавување на натпревар од страна на клуб или одржување на истиот без претходно доставување на пропозиции и услови под кои Ќе се организира истиот до КФМ и без добивање на согласност од КФМ за одржување на истиот, повлекува казна К=100 **до 500** и забрана од 1 до 4 години;
9. Необезбедување просторија за работа на комесарот, соблекувални за судии и натпреварувачи, поставување мерачи на време и записничари без соодветно судиско звање, необезбедување технички помагала (штоперици, гонгови, свирки, појаси, знаменца, озвучување)**оргнизаторот** се казнува со К=100;
10. Попречување на записничка маса, комесар, технички раководител, судии од страна на тренери и натпреварувачи, како и од неслужбени лица, се казнува со казна К=100 **до 300**;
11. Кога од неоправдани причини не се одржи или е загрозено одржувањето на натпреварот, **организаторот,клубот или илицето кои се виновни за одлагањето** ќе се казни со К=100 **до 500**;
12. За пушење во сала се поднесува прекршочна пријава согласно законот, а на натпреварувачот или друго службено лице кое пуши покрај пријавата се изрекува и парична казна К=50;
13. Неспортско однесување на гледачите, навреди кон натпреварувачите и останатите учесници во натпреварот, се казнува **организаторот на натпреварот,клубот чии навивачи го реметат редот или лицето кое е сторител, а кое ќе се идентификува дека истиот е член на одреден клуб, се казнува со** К=**200**, а доколку продолжи со К=**500**;
14. Масовни оргнизирани испади или повторени од т.13 од овој член, се казнува со К=150;
15. Фрлање на предмети, ролни хартија, меки предмети на терен и сл.**организаторот на натпреварот или клубот чии навивачи го реметат редот**, се казнува со К=**100;**
16. При потешки случаи на фрлање на предмети на терен, повторен испад **или фрлање на петарди и други опасни предмети,организаторот на натпрварот или клубот чии навивачи го реметат редот или лицето кое непосредно ќе се идентификува како сторител,а истиот е член на клуб регистриран во КФМ**, се казнува **со К=150 до 300 и** со забрана за техничка организација од 6 до 18 месеци;
18. Обид на напад на натпреварувачи и службени лица, влегување на гледачи на терен **организаторот на натпреварот или клубот чии навивачи го реметат редот или лицето кое непосредно ќе се идентификува како сторител,а истиот е член на клуб регистриран во КФМ**, се казнува **со К=150 до 300 ;**
19. Остварена намера на напад (остварено физичко пресметување), **организаторот на натпреварот или клубот чии навивачи го реметат редот или лицето кое непосредно ќе се идентификува како сторител,а истиот е член на клуб регистриран во КФМ**, се изрекува К=250 до 500 и забрана за вршење на сите активности од 1 до 4 година:
20. Кога по барање на комесарот да се отстранат сите неслужбени лица од теренот, а техничкиот организатор тоа нема да го стори, комесарот ќе објави прекин на натпреварот од најмногу 10 минути. Ако и после ова време техничкиот раководител не овозможи потребни услови за продолжување на натпреварот, комесарот истиот ќе го прекини, а техничкиот организатор ќе се казни со К=150, а останатите прекршители ќе се суспендираат во траење од 6 до 12 месеци и казна К=250 до **500**.
21. За организирање на натпревари кои не влегуваат во системот на ВКФ и ЕКФ или за учество на учесници кои не се регистрирани во КФМ и не припаѓаат на овие системи,

комесарот и техничкиот организатор, како и другите службени лица кои учествувале во организацијата на овие натпревари, ќе се казнат со **К=200 до 500** со суспензија **од 1 до 4 години**, а против клубот кој врши оранизирање веднаш се поведува постапка за бришење на били каква функција од 36 месеци или трајно исклучување, а што ќе зависи од тежината на настанот **и се изрекува казна К=250 до 500** ;

22. Необезбедување на возило за медицинска помош при организирање на натпревар, **организаторот** се казнува со К=100;
23. Неукажување на прва помош или неодговорно однесување на лекарот и др. службени лица при повредување на натпреварувач или друго службено лице во тек на натпреварот,**медицинското лице** се казнува со К=100 до 250, како и мерка забрана од 1 до 4 години, а во случај на потешки последици и трајно исклучување од КФМ.

За напред наведени повреди можат да се казнат како натпреварувачите, така и клубот, тренерите или службеното лице кое не извршило контрола и проверка или не ја спровело одредбата од соодветниот правилник на КФМ.

За напред наведени повреди за кои не е предвидена мерка забрана, Дисциплинската комисија може да изрече и казна забрана вршење на дејност, функција, настапување и сл. во зависност од тежината на повредата **од 3 до 12 месеци**.

Член 11

За неспортско однесување на учесниците во системот на натпревари, тренери, помошници тренери, судии и натпреварувачи се изрекуваат следните казни:

1. За изречена дисквалификација (Шикаку) **заради повреди (приговарање,псуење,навредување,фрлање предмети,плукање и сл.)** забрана за настап до 3 месеци и казна К=50;
2. За изречена дисквалификација (Шикаку) на тренер и помошник тренер, се изрекува забрана вршење тренерски функции од 6 до 12 месеци и казна К=100;
3. Неспортско однесување-обид за физичко пресметување со противнички натпреварувач или било кое службено лице се изрекува забрана за настап од 6 до 12 месеци и казна К=150 **до 300**;
4. За меѓусебно физичко пресметување помеѓу натпреварувчи,судии или било кое службено лице,**сторителите** се казнуваат со забрана за вршење на својата функција (право на настап на натпреварувачи **или забрана за водење на екипа,вршење на судска функција и сл.во рамките на КФМ во земјата и странство**) во времетраење од најмалку 8 месеци **до 3 години,а доколку дошло до прекин на натпрварот или меѓусебно пресметување и тепачка се изрекува** и казна К=**250 до 500.**
5. За физички напад врз службените лица се изрекува казна 'забрана за вршење било кој функција во федерацијата во време од 24 до 36 месеци **казна К=250 до 500**;
6. За несовесно-навивачко судење, комесарот и главниот судија ќе поднесат барање-пријава за суспензија и забана за судење во траење од 3 до 6 месеци со примена на казна К=100;
7. Во потешки случаи и повреди на судиските правила на барање на комесарот, а по предлог на дисциплинската комисија, Извршниот одбор може да изрече дисциплинска мерка 'одземање на судска заверка", со забрана на повторно полагање пред истек на 1 година од настанот;
8. За неприменување на одредбите от техничките правила, посебно од дисциплинските одредби на комесарот по поднесено барање (аргументирано) од страна на карате организацијата или службеното лице, а по предлог од дисциплинската комисија, Извршниот одбор може да изрече дисциплинска мерка забрана за вршење на било која функција во време од најмалку 24 до

36 месеци";

9. За несовесно извршување на службената функција од страна на лекар, мерач на време или контролор-записничар, се применува казна К=140.
10. За псуење на судија или на друго службено лице од страна на тренер, водач на екипа, помошник тренер или натпреварувач , се применува казна К=100 ;
11. За потешки навреди и расправии со судии или на лица на судиска маса од страна на тренер, водач на екипа, помошник тренер или натпреварувач , се применува казна К=150 ;
12. Ако поради навредување, расправија или физички напад од страна на тренер, водач на екипа, помошник тренер или натпреварувач врз судии или на лица на судиска маса и поради тоа дојде до прекин или до пореметување на редот и дисциплината на натпреварот се применува казна К=250 **до 500**, како и забрана за вршење на на било каква функција, водење на екипа, натпреварување и др. од 1 до 4 години.

**Кога на натпреварувач,тренер,помошник тренер и сл. биде изречена дисциплинска мерка за повреда од ст.1 т.1,3,4,5 и 12 од овој член, во тој случај се изрекува мерка и на клубот во чие име настапува натпреварувачот односно тренерот и помошникот тренер и тоа парична казна К=250 до 500. За потешки форми на овие повреди, а кога постои физичко пресметување на повеќе лица од еден клуб или поради тоа дојде до прекин на натпреварот, во тој случај може на клубот д се изрече и забрана за вршење дејност од 3 месеци до 2 години. Висината на мерките зависи од настанот и последиците кои ќе произлезат од него.**

**За неспортско однесување на учесници во системот на натпреварување предвидени во ст.1 од овој член,а кои се сторени од натпрварувачи кои не наполниле 18 години, на натпреварувачот се изрекува мерка забрана за настапување за одреден период (суспензија) во траење од 1 до 12 месеци,а паричната казна која е предвидена за тој прекршок со овој правилник, се изрекува на клубот кој го пријавил натпреварувачот за настап на натпреварот.**

Член 12

На службено лице на КФМ се изрекува дисциплинска мерка за прекршок и тоа:

1. Ако репрезентативец неоправдано не доаѓа на подготовки на репрезентацијата на КФМ, се применува казна К=од 100 до 250;
2. Ако репрезентативец неоправдано откаже настап за репрезентацијата на КФМ, се применува казна К=од 100 до 250;
3. Ако тренер-селектор неоправдано отсаствува на подготовки на репрезентацијата на КФМ, се применува казна К=од 100 до 250;
4. Ако тренер-селектор неоправдано откаже водење на репрезентацијата на КФМ, се применува казна К=од 100 до 250;
5. Ако не се одржи пресконференција од страна на тренерот-селектор на соответната селекција на КФМ по враЌањето од соответните натпревари на репрезентацијата од странство, се применува казна К=од 100 до 250;
6. Ако судија неоправдано закасни или не дојде или ќе откаже учество во текот на натпреварот во земјата и странство, се применува казна К=од 100 до 250;
7. Ако не се спроведуваат одредбите од правилниците и одлуките на КФМ од страна на одговорни лица при организирање на натпревари (комесар,технички раководител и др.лица определени со Правилникот за организаціја на натпревари), а во врска со прекршоците од чл.10 и 11 од овој правнилник, се применува казна К=од 100 до 250;
8. Ако член на извршниот одбор, претседател на комисија; тренер-селектор; репрезентативец; лекар; комесар; тех.раководите; водач на пат; тренер на клуб; судија или друго лице кое има карактер на службено лице на КФМ, не извршат работи наложени со одлуки на Собранието, Извршниот одбор или на Претседателот на КФМ, а кои задолженија се дадени во писмена форма или се

испратени преку мејл, се применува казна К=од 100 до 250;

9. Ако не се поднесе извештај до КФМ од страна на делегат, водач на пат, лекар, тренер-селектор и судија за определена активност согласно календарот на КФМ, во рок од 7 дена од извршување на активноста или по враЌањето во земјата, се применува казна К=од 100 до 250;
10. Ако во извештајот од страна на делегат, водач на пат, лекар, тренер-селектор,тех.раководител,контролор,**комесар,судија или друго службено лице** се изврши необјективно прикажување на состојбите или се врши прикривање на одредени факти и настани кои преставуваат повреди предвидени со актите на КФМ, се применува казна К=од 100 до 250;
11. Ако службено лице ( тренер, водач на пат, судија и др. службено лице на КФМ), при патување во странство ги искористува натпреварувачите или репрезентативците за свои приватни цели, се применува казна К=од 100 до 250;
12. Ако репрезентативец,тренер, судија, тренер-селектор или делегат при настапување во странство се однесува недолично и со своите постапки го нарушува угледот на државата и КФМ (кражба на предмети од хотели, учество во нереди, меѓусебни физички пресметувања, навредувања на службени лица, непостапување по наредби на водач на патот и сл.),покрај паричната казна се изрекува и забрана за учество од 6 месеци до 4 години, се применува казна К=од 100 до 250;
13. Ако натпреварувач кој на одреден натпревар освоил медал, а дополнително се утврди дека имало неправилности при неговата регистрација или настапувал без регистрационен картон, или постојат други неправилности предвидени со актите на КФМ (правилници, одлуки, наредби, согласности и упатства дадена од КФМ и нејзините органи), ќе се казни со парична казна, а осовоениот медал ќе се одземе и истиот ќе се додели на наредниот натпреварува, се применува казна К=од 100 до 250;

**13-а. Ако кај натпреварувач или репрезентативец по извршена анти-допинг контрола се констатира дека користел недозволени средства или други стимулативни средства, веднаш ќе се изрече привремена забрана за настапување (суспензија) во траење од 1-една година и парична казна во износ од К=200. По донесување на одлука од страна на Светската карате федерација односно Европската карате федерација,по одно на мерката забрана за настапување ќе се применува забраната изречена со одлуките на ВКФ односно ЕКФ.**

**13-б. Стручно лице (тренер,помошник тренер,тренер на државна репрезентација или лекар),кој го присилува спортистот да тренира или учествува на спортски натпревари во времето додека здравствено не е способен за тоа или кога таквата активност би можела да ја влоши неговата здравствена состојба,како и да зема недозволени или други стимулативни средства (кои се забранети за употреба од страна на ВКФ и ЕКФ), ќе се казни со парична казна К=200 до 500, како и забрана за вршење на дејност во траење од 6 месеци до 2 години. Во потешки случаи во кои дошло до тешко нарушување на здравствената состојба на натпреварувачот, на стручното лице може да му се изрече и трајна забрана за вршење дејност и исклучување од КФМ,која мерка се донесува по предлог на Извршниот одбор.**

14. Ако службено лице на КФМ (натпреварувач,тренер,судија,тренер-селектор или друго лице на КФМ) врши омаловажување и навредување или на друг начин го навредува или клевети член на Извршен одбор на КФМ, Претседателот на КФМ, делегатот или преставникот на КФМ во земјата и странство, претседателот или членовите на комисиите на ИО на КФМ, се применува казна К=од 100 до 250.

**Под клевета и навреда се подразбира изнесување на невистини со кои се омаловажува угледот на КФМ,Извршниот одбор,како и други органи и службени лица**

**носители на функции во Федерацијата,по пат на печат или други форми на јавно известување (ТВ,радио,фејсбук,портали или други печатени и електронски сретства за јавна и масовна комуникација). Под невистина се подразбира манипулирање со податоци или делумно изнесување на податоци со што се создава невистинита претстава за настаните,а со кои се нанесува штета со омаловажување на угледот и работата на КФМ и нејзините органи и официјални службени лица.**

**Ако прекршокот од чл.12 т.14 од овој правилник, го стори клуб кој е член на федерацијата или нивен официјален претставник,претседател или тренер, за сторениот прекршок се изрекува казна на клубот, во висина предвидена со овој правилник.**

Член 12-а

Кога сторител на прекршок стори друг прекршок во рок од 6 месеци од изрекување на претходната дисциплинска мерка, дисциплинската комисија му изрекува двојна парична казна од казната која се предвидува за последниот прекршок.

**На сторителот на прекршок сторен со цел да се изврши пореметување на односите во КФМ или оневозможување за извршување на функцијата во федерацијата,а кои се предвиени во чл.12 т.14 од овој правилник, особено ако на сторителот била претходно изречена дисциплинска санкција, во тој случај на сторителот може да се изрече трајна забрана за вршење на дејност во КФМ по предлог на Извршниот одбор.**

Член 13

На вработени лица во КФМ или лица кои се избрани во органите на КФМ, ќе им се изрече дисциплинска мерка за прекршок ако:

Не се придржуваат кон прописите кои важат за вршење на работното место или функцијата што ја врши согласно актите на КФМ и Законот за спорт;

2. Ако вработеното лице не го почитува работниот ред и дисциплина,како и дадените наредби од страна на претседателот на КФМ или од него овластено лице;
3. Ако настане штета на КФМ по вина на вработениот или службеното лице;
4. Ако врши злоупотреба или пречекорување на службените овластувања;
5. Предизвикување на неред и насилнички се однесува за време на работата или за време на вршење на слубената функција;
6. како и други дејствија на вработените на КФМ, а кои со Законот за работни односи се предвидени како повреда на работата.

За лицата кои се работен однос во КФМ како казна може да се изречат сите мерки предвидени со Законот за работните односи,а кое е условено според тежината на прекршокот.

По однос на службените лица или другите лица што обавуваат одредена функција, се изрекува забрана за вршење на дејност од 1 до 4 години.

**Во зависност од тежината на прекршокот, сторителите на потежок вид на престап, дисциплинската комисија може да изрече мерка - трајна забрана за вршење на дејност во КФМ, а по претходен предлог од Извршниот одбор на КФМ.**

Член 14

Пријава за поведување на постапка за дисциплинска одговорност пд чл.10 и 11 од овој правилник, може да се поднесе најкасно за време од 6 месеци од сторување на настанот.

За останатите повреди од чл.12 и 13 од овој правилник, пријавите се поднесуваат во рок од 1 месец од дознавање за повредата.

Член 14-а

**Пријава за водење на дициплинска постапка во писмена форма поднесува надлежен орган или службено лице на КФМ (комесар,контролор,водач на пат, судија и лекар, а кој бил одговорен за патувањето или натпреварот односно за активноста на која се случил настанот),како и клубовите членови на КФМ.**

Подносител на пријава за водење на дисциплинска постапка е должен со пријавата да уплати такса на жиро сметка на КФМ во висина на една судска такса.

Доколку таксата не биде уплатена во рок од 15 дена од поднесувањето, ќе се смета дека подносителот се откажал од пријавата и ќе се смета дека истата е повлечена.

Член 15

Карате клубовите се должни да водат евиденција за изречените казни и настапувањето за време на суспензија и истити ги спроведуваат, во спротивно самите ќе ја сносат целата одговорност.

Член 16

Изречените казни во поглед на одреден број на натпревари се издржуваат само на редовните натпревари од официјалниот карактер, а временските казни важат за сите видови на натпревари.

Член 17

Откажување организација на натпревар од страна на техничкиот организатор, може да се случи само поради 'виша сила" (поплава, земјотреси и др.) во пократок рок.

Доколку откажување на организацијата на натпреварот е од неоправдани причини, против техничкиот организатор ќе биде изречена мерка суспензија за одржување било каков карате натпревар од 2 до 4 години **и казна согласно овој правилник**.

Член 18

Во случај кога поради неоправдано откажување на техничката организација на натпревар од страна на техничкиот организатор настане материјална или било каква финансиска штета за учесниците на натпреварот, техничкиот организатор е должен на оштетените клубови да им ја надомести штетата.

Член 19

До измирување на долгот кон учесниците на соодветен натпревар, клубот и другите службени лица или технички организатор немаат право да учествуваат во системот на натпревари и да одлучуваат.

Член 20

Карате клубовите и нивните членови и сите учесници во системот на натпреври, должни се сите свои финансиски обврски кои се редовни или произлегуваат од одредбите на овој правилник, да ги измират во рок од 15 дена од денот на стапување во сила на одлуката.

Во случај кога во предвидениот рок обврските од претходниот став не се исполнети, автоматски настапува суспензија.

Суспензијата автоматски се укинува со денот на измирување на обврските.

Член 21

Против одлуките на дисциплинската комисија може да се поднесе приговор до Извршниод одбор, во рок од 8 дена од доставување на одлуката.

Времето поминато под суспензија до најзината правосилност се смета за дел од издржаната казна.

Извршниот одбор по поднесениот приговор донесува одлука во рок од 30 дена

сметано од поднесувањето, со која може приговорот да го одбие, уважи така што предметот го врати на дисциплинската комисија на повторно разгледување и одлучување или првостепената одлука ја преиначи. **Одлуката на Извршниот одбор е правосилна.**

Член 21-а

Лицето кое поднесува на правен лек (приговор) против одлука на дисциплинската комисија, е должен со правниот лек да уплати такса на жиро сметка на КФМ во висина на една судска такса.

При поднесување на жалби против одлуки на комесари (за неправилности при одржување на натпревари согласно Правилникот за организација на натпревари) се плаќа такса во висина на 5 судски такси согласно Правилникот за организација на натпревари.

Доколку таксата од ст.1 и 2 од овој член, не се уплати во рок од 15 дена од поднесување на правниот лек, се смета дека подносителот се откажал од истиот, така што приговорот односно жалбата ќе се смета за повлечена.

**Член 21-б**

**Против правосилните одлуки може да се поднесе барање за повторување на постапката во рок од 2-два месеци од правосилноста на одлуката,ако се достават нови докази кои би биле од влијание на одлуката, а за кои сторителот не знаел во време на водење на постапката.**

**По предлогот за повторување одлучува дисциплинската комисија.**

**Член 21-в**

**Врз основа на молба на казнетиот, Извршниот одбор може да даде предлог до дисциплинската комисија, за ослободување или ублажување на казната, ако најде дека постојат нови околности кои би влијаеле за донесување на нова одлука и дека издржаниот дел од казната имал воспитно влијание на казнетиот. Предлог за вонредно ублажување на казната може да се поднесе по издржување на најмалку 1/3 од казната.**

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Во случаи кои не се предвидени со овој правилник, ќе се пременуваат одредбите од останатите правилници, одлуките на Извршниот одбор, како и од останати акти на КФМ.

По однос на дисциплински повреди кои се сторени од страна на вработените во КФМ, во тој случај се применуваат и одредбите од Законот за работни односи.

Член 23

Под службено лице се подразбира секој член на КФМ кој обавува некаква работа која му е доверена од КФМ и тоа: претседател, тренер, судија, комесар, лекар, технички раководител, натпреварувачи,водач на екипа, член на орган или други тела на КФМ, БКФ, ЕКФ и ВКФ и сл.

Под вработено лице се подразбира лице кое е вработено во КФМ.

Член 24

Под дисциплинска одговорност подлежат и клубовите кои се членови на КФМ и им се изрекуваат мерки согласно овој правилник.

Член 25

Измени и дополнувања на овој правилник донесува Собранието, на начин и во постапка како за негово донесување.

Член 26

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Карате федерација на Македонија
претседател

Драган Стојановски